**Здружение на финансиски работници**
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-229
02.09.2024 година
В е л е с

## Повик за дополнување на референтна листа на експерти

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија (ЗФР), учествува во спроведување на активности од проектот „Зајакнување на општинските совети – втора фаза (Empowering Municipal Councils – Phase 2)", финансиран од Швајцарската влада, Министерство за локална самоуправа а ко-финансиран и спроведуван од Програмата за развој на Обединети Нации – УНДП. Проектот има за цел да се продолжат претходно започнатите активности за зајакнување на општините преку зајакнати општински совети, кои се способни ефективно да ги исполнат нивните зададени улоги на претставување, надзор и почитување на општинската легислатива, со вклучување на активни граѓани.

За спроведување на дел од проектните активности, ЗФР има потреба од дополнување на референтната листа за една позиција на **Експерт Тип Б – поранешен општински советник**, за **Модул 5 – „Финансиски извештаи на ЕЛС и нивна анализа"**.

По изборот на експерт ќе биде комплетирана референтната листа на експерти.

Со избраниот експерт ќе биде склучен договор во кој ќе се наведе типот, динамиката и обемот на ангажманот.

Напомена: За овој повик не се подобни експерти со статус на државни, јавни и административни службеници кои засновале работен однос во органите на државната и на локалната власт и други државни органи основани согласно со Уставот и со закони, како и јавни претпријатија основани од Република Северна Македонија или од општините, од Градот Скопје, како и од општините во Градот Скопје.

Доколку сте заинтересирани, Ве молиме да доставите кратко мотивациско писмо со задолжително наведување на модулот за кој аплицирате, Вашата ажурирана биографија со фотографија и сертификати и препораки за ваш ангажман не подоцна од **16.00 часот во четврток 5 септември 2024 год.** на следнава е-маил адреса: zfr.emc2@gmail.com

Прилог:

1. Објаснување на работната задача

02.09.2024 год., Велес

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски

Тел. ++389 43 230 623; ++389 43 230 625; e-mail zfrlsjpv@t.mk web site www.zfr.org.mk
Даночен број МК 4004997107233 Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје